**20251984013**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21 и 39/25), министерот за социјална политика, демографија и млади, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ОД СЕРИОЗНА ОПАСНОСТ ПО ЖИВОТОТ И ФИЗИЧКИОТ И ПСИХИЧКИОТ ИНТЕГРИТЕТ НА ЖРТВАТА И ЧЛЕНОВИ НА НЕЈЗИНОТО СЕМЕЈСТВО И НА РИЗИКОТ ОД ПОВТОРУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО, СООДВЕТНОТО УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ, СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И ЖРТВИТЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО, ПРЕЗЕМЕНИ ОД ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И ПОТРЕБНИТЕ ОБРАСЦИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство, преземени од центарот за социјална работа (во натамошниот текст: центарот) и потребните обрасци.

Член 2

Спроведувањето на проценката и управувањето со ризикот и следењето на мерките за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство од член 1 од овој правилник, од страна на стручните лица во центарот, се врши итно, со должно внимание на потребите и на правата на жртвата во рамките на надлежностите на центарот, како и во соработка и координација со институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието, согласно закон.

### Начин на спроведување

Член 3

Спроведувањето на проценката и управувањето со ризикот и спроведувањето и следењето на мерките за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство (во натамошниот текст: жртвите), се врши од страна на стручните лица во центарот (во натамошниот текст: стручните лица), врз основа на родово разбирање на насилството врз жените и на семејното насилство и постапуваат на начин што обезбедува заштита на жртвата од ревиктимизација, го штитат нејзиниот идентитет и личните податоци, ја гарантираат доверливоста на податоците и информациите кои што се прибираат при проценката на ризик, спроведувањето и следењето на мерките за заштита и го почитуваат достоинството на жртвата.

Стручните лица при преземањето на мерки, активности и услуги за заштита и поддршка на жртвите се раководат од родовата еднаквост и почитување на човековите права на жртвите, препознавање на родовата динамика на насилството, влијанието на облиците на насилството врз жртвата и го земаат предвид односот меѓу жртвата, сторителот и нивната поширока социјална средина.

Стручните лица даваат безусловна поддршка и заштита на жртвата заради нејзино јакнење за самостојно одлучување за сопствениот живот и преземањето на мерките, активностите и услугите за заштита и поддршка.

Стручните лица преземаат мерки и активности кон сторителот на насилство заради промена на неговото однесување и спречување од идно насилство.

Член 4

Стручните лица, откако ќе ја информираат жртвата за нејзините права и мерките за заштита, спроведуваат проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство и земаат согласност од жртвата за преземање на мерки за заштита.

**Итност**

Член 5

По добиеното сознание за сторено родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство, како и непосредно при првиот контакт со жртвата, родителот или старателот, од страна на стручните лица веднаш, а најдоцна до 12 часа од добиеното сознание, се спроведува проценката на ризикот од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство и се преземаат мерки за заштита на жртвата, имајќи ги во предвид нејзините интереси и потреби, како и најдобриот интерес на детето односно лицето под старателство.

**Информирање на жртвата**

Член 6

Жртвата се информира од страна на стручните лица за правото на придружник, за правото на здравствена заштита, за правото на правна помош и совет, за правото на социјална заштита, за мерките за заштита, за мерките за привремена заштита, за сите достапни услуги за заштита и поддршка, за постапките за остварување на правата и нивниот тек, за правото да биде информирана за сите прашања во текот на постапките, на начин и на јазик на кој жртвата ги разбира своите права, без оглед дали жртвата користи услуги и мерки за заштита.

За дете жртва на семејно насилство, покрај правата од став 1 на овој член, од страна на стручните лица се преземаат сите потребни мерки за заштита на детето согласно закон, информирање на детето согласно неговата возраст и степенот на психофизички развој за спроведување на постапка за уредување на односите на родителите и децата, за надзорот над вршењето на родителското право и старателството, почитувајќи го правото на детето да учествува во постапките од интерес за неговиот живот, раководејќи се од најдобриот интерес на детето.

## II. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК И РИЗИК ОД ПОВТОРУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО

Член 7

Од страна на стручните лица со учество на жртвата се врши проценка на ризикот од сериозна опасност по нејзиниот живот, физичкиот и психичкиот интегритет, како и на членовите на нејзиното семејство, проценка на нејзината состојба и потреби, изборот на соодветни мерки и услуги за нејзина помош, поддршка и заштита, заради намалување на ризик од повторување на насилството.

Врз основа на проценката на ризикот од став 1 на овој член, се врши планирање на безбедноста и зајакнување на жртвата преку примена на соодветни мерки за управување со ризикот.

Член 8

При проценката на ризикот од член 7 став 1 од овој правилник, од страна на стручните лица се земаат во предвид околностите кои се специфични за секој поединечен случај.

Стручните лица, при предлагањето на мерките, активностите и услугите, се водат од индивидуалните потреби на жртвата за спречување и заштита од насилството.

Член 9

Проценката на ризикот од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, од страна на стручните лица се врши од првиот контакт со жртвата, по направената идентификација на ризикот, јасното формулирање и опис на идентификуваниот ризик, како и во текот на обезбедувањето на помош, поддршка и заштита на жртвата.

Стручните лица при проценката на ризик ги земаат предвид сите факти и околности кои можат да го зголемат ризикот од идно насилство врз жртвата и нејзина дополнителна виктимизација, а особено за:

- актуелното насилство и закана од насилство (физичко, психичко, економско, сексуално насилство и силување, демнење, сексуално вознемирување и сексуално вознемирување преку интернет и со употреба на средства за електронска комуникација),
- претходното насилство (дали сторителот и претходно бил насилен, дали е насилен врз децата и други членови на семејството, дали е сторител на прекршоци и кривични дела, дали претходно имал изречени итни или привремени мерки за заштита и дали истите ги почитувал или прекршувал, а особено дали сторителот е отстранет од домот),
- интензитетот и динамиката на насилството (зачестеност на насилството, закани кон жртвата или членови на семејството со насилство и/или со оружје или орудија погодни за напад, пристап на сторителот до оружје, особено огнено оружје, изолација на жртвата преку заклучување, забрана да излегува, забрана да контактира со пријатели и роднини, контролирачко однесување врз жртвата, прогонување, дали демнењето е проследено со закани или со активно физичко насилство, закана за убиство, обид за давење, присилба да направи нешто што е спротивно на нејзината волја),
- фактори кои се поврзани со лични ставови, вредности, состојби и однесување на сторителот (статусот на вработување или финансиски проблеми на сторителот, употреба на алкохол, дрога и други психотропни супстанци, психичко заболување, љубомора, посесивност, обиди или закани со самоубиство, присилна контрола и манифестација на моќ),

- обрасците на однесување на сторителот и други фактори специфични за случајот (согледувања на жртвата за ризикот и нејзините стравови, личната животна ситуација на жртвата и достапната поддршка, заеднички деца, дали бил насилен за време на бременост на жртвата и други релевантни семејни состојби, попреченост на жртвата и друг фактор на ризик кој што може да ја загрози безбедноста на жртвата).

Член 10

Од страна на стручните лица за направената проценка на ризик се пополнува образецот Прашалник за проценка  на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, кој е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

## III. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ

### **Согласност на жртвата**

Член 11

Стручните лица, по спроведената проценка на ризикот овозможуваат жртвата слободно да ја изрази волјата за преземање на мерки за заштита и за привремена заштита, врз основа на добиени информации за постапката, целта и последицата од изборот на мерката за заштита и за начинот на нејзиното спроведување и следење.

Согласност на жртвата се дава во писмена форма на образецот Согласност на жртва за мерки на заштита, кој е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 12

Во случај на проценка за постоење на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејството, за повторување или зголемување на интензитетот на насилството, со согласност на жртвата од члено 11 став 2 од овој правилник, од страна на стручните лица се спроведува планирање на безбедноста на жртвата и членовите на нејзиното семејство.

Член 13

Од страна на стручните лица се планира безбедноста заедно со жртвата и се изготвува индивидуален план за заштита на жртвата и соодветно управување со ризикот (во натамошниот текст: индивидуалниот план).

Стручните лица при изготвувањето на индивидуалниот план, ја имаат во предвид идентификацијата и проценката на ризикот за жртвата и членовите на нејзиното семејство и предвидуваат преземање на мерки за помош и заштита на жртвата,  кои се на располагање на жртвата за зголемување на личната безбедност за да се предвидат моменталните и долгорочните закани по безбедноста.

Индивидуалниот план, се пополнува на образецот Индивидуален план за заштита и јакнење на жртвата, кој е даден во Прилог бр. 3 и е составен дел на овој правилник.

Член 14

Индивидуалниот план е флексибилен и прилагодлив на околностите и факторите на ризик за жртвата, при што се земаат во предвид обрасците на однесување на сторителот.

Индивидуалниот план се приспособува на различната реалност на секоја жртва и вклучува конкретни мерки за управување со проценетите ризици, како и достапните услуги согласно нејзините интереси и потреби, најдобриот интерес на детето односно лицето под старателство.

Индивидуалниот план се изготвува преку сеопфатен преглед на сите факти кои влијаат на безбедноста на жртвата и се прилагодени на индивидуалните околности и потреби на жртвата.

Член 15

Соодветното управување со ризик вклучува континуирано спроведување и следење на мерките за поддршка и заштита содржани во индивидуалниот план од страна на стручните лица со активно учество на жртвата, кое може да опфати:

- контактирање со жртвата во првите 12 часа по усвојување на индивидуалниот план,
- редовно контактирање со жртвата за времетраење на мерките предвидени во индивидуалниот план согласно потребите на жртвата,
- пристап на жртвата до телефонска комуникација во случај на непосредна опасност,
- обезбедување здравствени прегледи и медицинска документација,
- сместување во центар за лица - жртви на родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство,
- упатување во центар за жртви на сексуално насилство во случај на сексуално насилство,
- обезбедување на право од социјална заштита,
- обезбедување на психо-социјална поддршка и советување,
- обезбедување на правен совет и бесплатна правна помош,
- известување до работодавачот за евидентираното родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство во случај кога сторителот во рамките на извршување на работните задачи има пристап односно ракува со службено огнено оружје,
- известување до воспитна и образовна институција за ризикот врз децата од семејното насилство и повторување на насилството,
- навремено и целосно информирање на жртвата за текот на постапките против сторителот пред надлежни органи и исходот од постапките, и
- преземање на други мерки потребни за обезбедување помош на жртвата.

Доколку како жртва на насилството се јавува дете, тогаш во планирањето на безбедноста се вклучуваат и мерки за помош и поддршка на детето.

Член 16

Од страна на стручните лица редовно се следи и проценува ефектот од спроведувањето на мерките за заштита кои се дел од индивидуалниот план и се врши ревидирање на индивидуалниот план, се оценуваат факторите и причините кои влијаат на ефектот на мерките на заштита, врз основа на што се менуваат и предлагаат нови мерки заради обезбедување на безбедноста на жртвата и нејзиното јакнење.

Член 17

Во случај на проценка за постоење на ризик од опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејно насилство и членовите на семејството, од страна на стручните лица се свикува мултисекторскиот стручен тим и се изготвува безбедносен план за заштита и јакнење на жртвата (во натамошниот текст: безбедносниот план).

Член 18

Безбедносниот план од член 17 од овој правилник, се изработува со примена на интердисциплинарен и интегриран пристап, а со учество на жртвата.

Од страна на стручното лице се внесуваат контакт податоци за членовите за мултисекторскиот стручен тим во образецот Листа и контакт на членовите на мултисекторскиот тим, кој е дадена во Прилог бр. 4 и е составен дел на овој правилник.

Член 19

Мултисекторскиот стручен тим при изготвувањето на безбедносниот план поаѓа од претходната идентификација и проценката на ризикот, проценка на потребата за заштита на жртвата и членовите на нејзиното семејство, изготвена од центарот, при што се земаат во предвид сите сознанија на другите членови на мултисекторскиот стручен тим, кои се однесуваат на ризикот по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, врз основа на што се предвидуваат мерки за управување со ризикот и заштита на жртвата, согласно нејзините потреби.

Во случај на проценка за постоење на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство или по добиено известување од полициски службеник за поднесен предлог за изрекување на итна мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, со проценката на ризик и полицискиот извештај, стручното лице го свикува мултисекторскиот стручен тим за планирање на безбедноста и изготвување на безбедносниот план.

Безбедносниот план се пополнува на образец Безбедносен план за заштита и јакнење на жртвата, кој е даден во Прилог бр. 5 и е составен дел на овој правилник.

Во случај кога е поднесен предлог за изрекување на итна мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, од страна на полициски службеник, истиот заедно со полицискиот извештај и планираните и преземените мерки и активности заради управување со ризикот, се земаат во предвид при изготвување на безбедносниот план.

Член 20

Безбедносниот план се изготвува со сеопфатен преглед на сите факти кои влијаат на безбедноста на жртвата и членовите на нејзиното семејство и предвидуваат и преземаат мерки, прилагодени на околностите и потребите на жртвата, за управување со ризикот.

Од страна на мултисекторскиот стручен тим, редовно се следи и проценува ефектот од спроведувањето на безбедносниот план и се прилагодува согласно состојбата на жртвата во однос на мерките за управување со ризикот, мерките за помош и достапните услуги.

При изготвување на безбедносниот план, од страна на мултисекторскиот стручен тим се овозможува жртвата самостојно да донесе одлуки и слободно да ја изрази волјата за преземање на мерки за заштита и за привремена заштита.

Член 21

Следењето на спроведувањето на мерките содржани во безбедносниот план, се врши од страна на членот на мултисекторскиот стручен тим во рамките на неговите задачи, на начин што најмалку еднаш на 48 часа се остварува контакт со жртвата за текот на остварувањето на мерките од безбедносниот план согласно потребите на жртвата, што се евидентира во образец Лист за следење на мерките за заштита од безбедносниот план, кој е даден во Прилог бр. 6 и е составен дел на овој Правилник.

Центарот се известува за текот и ефектите од преземањето на мерките за заштита од страна на секој член на мултисекторскиот стручен тим во рамките на неговите задачи, најмалку еднаш дневно во текот на работната седмица, како и секогаш кога има сознанија за нови околности во врска со случајот, што членот од центарот го евидентира во Листот за следење на мерките за заштита од безбедносниот план.

Од страна на членот на мултисекторскиот стручен тим од центарот, по добиено известување од друг член на мултисекторскиот стручен тим или од жртвата за нови околности кои укажуваат за зголемен или нов ризик од загрозување на животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, веднаш се свикува мултисекторскиот стручен тим за ревидирање на безбедносниот план.

Од страна на мултисекторскиот стручен тим, се прави оценка на ефектите од мерките за заштита врз безбедноста на жртвата најмалку еднаш неделно, сé додека постои ризик од опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата, детето и членовите на семејството и за повторување на насилството.

Безбедносниот план престанува да се спроведува кога мултисекторскиот стручен тим, врз основа на повторна проценка на ризикот од загрозување на животот и здравјето, ќе оцени дека ризикот престанал по однос на жртвата и членовите на семејството.

**Повлекување на согласност**

Член 22

Во случај на повлекување на согласноста на жртвата од член 11 од овој правилник, од страна на стручните лица се проценуваат причините за повлекување на дадената согласност, се обезбедува психо-социјална поддршка заради зајакнување на жртвата за формирање на слободна волја за користење на мерките за помош и заштита.

Во случај кога како жртва се јавува дете или лице со ограничена или одземена деловна способност, се преземаат мерки на заштита и без согласност на родителот или старателот.

## IV. СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА

**Обезбедување привремено згрижување**

Член 23

Мерката обезбедување привремено згрижување на жртвата, се спроведува заради нејзина заштита, во случај кога по извршената проценка на ризикот постои сознание за непосредна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство од повторување на насилството, а не постојат ресурси во семејната и социјалната средина за прифаќање на жртвата.

Од страна на центарот, зависно од потребите на жртвата и членовите на нејзиното семејство, се обезбедува сместување во центар за привремен престој на лиценциран давател на социјални услуги, како привремено згрижување и/или интервентно згрижување на жртвата.

По сместувањето на жртвата во центар за привремен престој, од страна на стручните лица се спроведува индивидуалниот план и се реализираат предвидените мерки, активности и услуги за помош и заштита преку обезбедување психо-социјална помош и поддршка, пристап до правна помош и застапување, упатување на третман за надминување на траума, вклучување во активните мерки за вработување на жртвата со цел вклучување во пазарот на трудот и постигнување на финансиска независност и други услуги, согласно нејзините потреби.

**Обезбедување жртвата да оствари право од социјална и здравствена заштита**

Член 24

Мерката за остварување на право од социјална заштита, се спроведува така што од страна на стручното лице се информира и се помага на жртвата за остварување на права од социјална заштита и обезбедување на документација по службена должност, согласно Законот за социјалната заштита и ја придружува жртвата до соодветна институција, доколку за тоа постои потреба.

Од страна на стручното лице се следи мерката за остварување на право од социјална заштита, на начин што се овозможува жртвата да ги оствари правата во зависност од изменетите околности за остварување и користење на истите.

Член 25

Мерката за остварување на право на здравствена заштита се спроведува на начин што од страна на стручно лице се информира жртвата за нејзините права за добивање на бесплатна медицинска помош, ѝ се помага да го оствари правото на здравствено осигурување, односно здравствена заштита, а доколку е потребно ѝ се обезбедува соодветен медицински третман и медицинска документација.

Поддршката за обезбедување на медицински третман и медицинска документација, вклучува директна соработка и комуникација со соодветната здравствена установа.

Стручното лице ја придружува жртвата до соодветна здравствена установа, доколку за тоа постои потреба.

**Соодветна психо - социјална интервенција и третман**

Член 26

Од страна на центарот се спроведува мерката соодветна психо-социјална интервенција и третман, преку обезбедување на првична кризна интервенција, се информира и се поттикнува жртвата за користење на услуги за психо-социјална интервенција, психолошка помош, поддршка и/или третман со цел успешно справување со последиците од преживеаното насилство.

Мерката соодветна психо-социјална интервенција и третман се спроведува преку советодавна помош од стручен работник и советувалишна интердисциплинарна тимска работа.

Од страна на центарот, жртвата може да се упати на тераписки третман во соодветно советувалиште или установа.

**Обезбедување на психо-социјален третман во советувалиште за жени жртви на насилство и други жртви на семејно насилство**

Член 27

Мерката за психо-социјален третман во советувалиште се добива од стручни лица во центарот или од здружение, советувалиште за жени жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејно насилство.

Во советувалиштето се спроведува психо-социјалниот третман доверливо, со почит кон достоинството на жртвата, почитување на различноста и без дискриминација.

Во зависност од потребите на жртвата, од страна на центарот, жртвата се упатува за користење на услугата во соодветно советувалиште на лиценциран давател на социјални услуги.

**Помош на семејството за редовно школување на дете**

Член 28

За спроведување на мерката за заштита помош на семејството за редовно школување на дете, од страна на стручните лица се преземаат потребни мерки за помош на жртвата за вклучување или продолжување на редовно образование на детето и се преземаат други потребни дејствија за негово редовно школување.

Од страна на центарот се преземаат мерки со цел да се овозможи детето да се вклучи или да продолжи да посетува друга предучилишна установа, со цел детето непречено да посетува детска градинка.

Активностите од ставовите 1 и 2 на овој член, се преземаат секогаш кога жртвата го менува своето живеалиште, односно престојувалиште.

**Правна помош и застапување**

Член 29

Од страна на центарот се спроведува мерката за заштита правна помош и застапување преку информирање на жртвата за правата и постапките кои може таа да ги покрене пред надлежен суд или орган, за надминување и спречување на насилство, како и да се упати жртвата до подрачните одделенија на Министерството за правда или во овластено здружение за обезбедување на бесплатна правна помош или овластена правна клиника.

**Економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот**

Член 30

Од страна на центарот се информира жртвата за можностите од економско јакнење и вклучување на пазарот на трудот, преку упатување до соодветни органи и организации и комуницира и се координира со истите со цел искористување на можностите за економска независност на жртвата.

Надлежниот центар и центарот за вработување соработуваат и се координираат заради вклучување на жртвата во активните мерки за вработување, како и за нејзино вработување.

**Привремено доверување на грижа и воспитување на деца**

Член 31

Од страна на центарот, привремено се доверува на грижа и воспитување детето на родителот кој е жртва, во случај кога постои ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство и ризикот за повторување на насилството, во рок од 12 часа од приемот на пријавата за стореното насилство, без оглед дали постои согласност од другиот родител.

Мерката од став 1 на овој член, се спроведува секогаш кога постои ризик од сериозна опасност по животот, психичкиот и физички интегритет на жртвата, кога на жртвата и е обезбедено привремено или интервентно сместување, имајќи ја во предвид безбедноста и сигурноста на детето.

Од страна на центарот, раководејќи се од најдобриот интерес на детето, времено се ограничуваат или забрануваат личните односи и непосредните контакти на детето со родителот со кого не живее заедно, доколку се утврди дека постои ризик од повторување на насилството и последиците од извршеното насилство.

**Следење на мерките за заштита**

Член 32

Од страна на стручните лица, врз основа на проценката на ризикот и мерките за заштита содржани во индивидуалниот план, се следи спроведувањето на мерките преку контакти со жртвата, други лица кои се поддршка на жртвата и со преземање на други потребни дејствија, заради континуирано согледување на состојбата на жртвата и нејзините потреби за понатамошна помош и заштита.

Член 33

Од страна на стручните лица, преземените активности, мерки и услуги се внесуваат во индивидуалниот план, во делот за следење на спроведувањето на мерките за заштита.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на спроведување на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство, преземени од центарот за социјална работа и потребните обрасци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 240/21).

Член 35

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 17 – 4122/3
23 септември 2025 година
Скопје

Министер за социјална
политика, демографија и млади,
**Фатмир Лимани,** с.р.

Прилог бр. 1

ЈУ ЦСР__________
Бр. __________

____________________
(Датум и место)

Прашалник за проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство

Име на жртвата___________________________

Датум_____________________

1. Информации за актуелното насилство/закана со насилство

| | Да | Не | Не може да процени | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Жртвата е информирана и објаснето и е дека целта на проценката на ризик се врши со цел заштита на нејзината безбедност и сигурност | | | | |
| Дали актуелниот инцидент резултирал со физичка повреда?<br><br>*Наведете го видот на физичката повреда.* | | | | |
| Дали постои стравување од повторување на насилство?<br><br>*Наведете од што и од кого се плаши жртвата во овој момент* | | | | |
| Постои ли чувство на безизлезност? | | | | |
| Постои ли контролирачко однесување од страна на насилникот? | | | | |
| *- изолација на жртвата преку заклучување* | | | | |
| *- забрана да излегува* | | | | |
| *-забрана да контактира со пријатели и роднини* | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - ја *следи жртвата, праќа пораки по телефон или ја уценува жртвата* | | | | |
| *- ја ограничува или спречува во располагање со лични приходи и финансиски средства* | | | | |
| *Наведете како се манифестира.* | | | | |
| Дали сторителот во последниот инцидент употребил предмет или орудие со цел да ја повреди жртвата?<br><br>*Наведете како се манифестира* | | | | |
| Дали сторителот во последниот инцидент употребил оружје ? | | | | |
| Дали сторителот поседува или има пристап до оружје? | | | | |
| Дали постои заканувачка содржина во комуникација со жртвата или заканувачки начин на однесување на сторителот?<br><br>*Наведете како се манифестира* | | | | |
| Дали постои закана за употреба на оружје врз жртвата или врз членови на нејзиното семејство? | | | | |
| Дали жртвата има сознание дека сторителот има намера да набави оружје? | | | | |
| Дали постои страв кај жртвата дека ќе биде употребено оружје со цел да се изврши телесна повреда или убиство? | | | | |
| Дали постои страв кај жртвата дека ќе биде употребено оружје врз децата и/или други членови на семејството на жртвата, или врз лице блиско на жртвата? | | | | |
| Дали постои закана по телото и животот на жртвата или член на семејството на жртвата?<br><br>*Наведете како се манифестира* | | | | |
| Дали сторителот употребил оружје со цел да изврши присилна контрола? | | | | |
| Дали сторителот се заканил дека ќе се самоубие? | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дали сторителот врши демнење, следење, вознемирување преку било какво средство за комуникација?<br>*Наведете како се манифестира* | | | | |
| Дали жртвата претрпела сексуално насилство? | | | | |
| | | | | |
| Дали сторителот ја принудил жртвата на сексуален однос против нејзина волја? | | | | |
| | | | | |
| Дали жртвата се согласила на сексуален однос поради некаков страв од сторителот? | | | | |
| Дали жртвата има сила да ја напушти насилната врска или заедница? | | | | |
| Дали жртвата во моментот ја има напуштено насилната врска или заедница? | | | | |
| Дали жртвата е економски зависна од сторителот? *Доколку да, наведе поконкретно на кој начин* | | | | |
| Дали сторителот злоупотребува алкохол? | | | | |
| Дали сторителот злоупотребува психотропни супстанци? | | | | |
| Што жртвата смета дека ќе го зголеми нејзиното чувство на безбедност? | | | | |

2. Податоци за претходно насилство (времетраењето и зачестеноста на насилството)
2.1. Дали сторителот и претходно бил насилен?

ДА НЕ

Ако ДА, наведете кои форми на насилство се претрпени ________________________
________________________________________________________________

2.2. Дали насилството било насочено и кон децата/други членови на семејството?

ДА НЕ

Ако е ДА, наведете кој ____________________________________________

2.3. Дали жртвата побарала здравствена помош за повредите?

ДА НЕ

Ако ДА, опишете каде и во врска со какви повреди ________________________
________________________________________________________________

2.4. Дали сторителот е претходно пријавуван во полицијата или пак има претходни пресуди?

ДА НЕ Не знам

Ако да, подвлечете за што: сексуално насилство, семејно насилство, убиства, тепачки, друго______________________________

2.5. Дали сторителот претходно бил инволвиран во инцидент каде што било употребено оружје?

______________________________

2.6. Дали претходно на сторителот му е изречена привремена мерка за заштита?

ДА НЕ Не знам

Ако е ДА, дали истата е во тек, има замена или завршила______________

2.7. Дали со последниот инцидент сторителот прекршил изречена привремена мерка?

ДА НЕ

Ако да, која______________________________

2.8. Кога за првпат започнало насилството: прв инцидент, пред 6 месеци, пред 1 година, повеќе од 1 година , колку ________. (*подвлечете што соодветствува*).

2.9. Колку често се случува насилството: прв инцидент, неделно ____наврати, месечно ___, и друго____________.(*подвлечете што соодветствува*)

2.10. Дали насилството се зголемува?

ДА НЕ

2.11. Како се манифестирало претходното насилство? (да се опише почнувајќи од видот и интензитетот на иницијалното насилство кон последниот инцидент)

______________________________

2.12. Дали сторителот упатува закани кон членовите на семејството на жртвата?

ДА НЕ

2.13. Дали насилството се случува пред блиски роднини со кои жртвата живее во заедничко домаќинство?

ДА НЕ

Ако Да, пред кого______________________________

2.14. Дали сторителот добива поддршка за вршење насилството од други членови на семејството, роднини или пријатели?

ДА НЕ

Опис од кого ______________________________________________

2.15. Дали жртвата има поддршка и заштита од насилството од некој член на семејството/домаќинството во кое живее или од пријатели?

ДА НЕ

Ако да, да се наведе од кого______________________________________

2.16. Дали жртвата има поддршка и заштита од блиски роднини или пријатели?

ДА НЕ

Ако ДА, да се наведе од кого______________________________________

2.17. Дали жртвата побарала помош ?

ДА НЕ

Ако Да, кога и каде______________________________________

2.18. Дали жртвата претходно се обидела да ја напушти насилната врска или заедница?

ДА НЕ

Ако да, опишете ______________________________________

3. Податоци за сторителот

3.1. Дали е претходно пријавуван за родово базирано насилство врз жени или за семејно насилство од други лица ?

ДА НЕ Не знам

Ако Да, за што ______________________ и од кого ____________

______________________________________________________

3.2. Дали сторителот е вработен?

ДА НЕ

*Ако е ДА, наведете каде* ______________________________________

3.3. Дали на сторителот му е дијагностицирано психичко растројство?

ДА НЕ

3.4. Дали редовно консумира алкохол и се опијанува?

ДА НЕ

*Ако ДА колку често* ______________________________________

3.5. Дали употребува дроги и психотропни супстанции? ДА НЕ

3.6. Дали се лекувал од зависност? ДА НЕ

*Ако е ДА, кој вид на зависност и каде* ______________________________

3.7. Дали сторителот има некоја зависност? ДА НЕ
*Ако е ДА, наведете која* ______________________________

*Податоци за сторителот*

| |
|---|
| |

4. Доколку во семејството има деца, пополнете ги следните прашања:
4.1. Дали децата трпат насилство? ДА НЕ
*Ако е ДА, кој облик на насилство:*
физичко психичко сексуално друго ______________
(подвлече што соодветствува)

4.2. Дали жртвата има конфликти околу контактите со децата? ДА НЕ
Ако Да, опишете ______________________________

4.3. Дали има донесено решение за уредување на лични односи со детето со кое не живее заедно?
ДА НЕ
4.4. Дали сторителот го прекршил решението за видување со деца? ДА НЕ
Ако Да, опишете ______________________________

5. Податоци за професионалната проценка на ризикот за загрозување на животот и здравјето на жртвата:
*За стручните лица: Дали има било какви други релевантни информации од страна на жртвата или од професионалец кои се во прилог на* проценката на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство. *Се земаат во предвид околностите на жртвите кои ја зголемуваат нивната ранливост, а особено за бремените жени, жени со деца и деца со попреченост, припаднички на заедниците кои не се мнозинство, самохрани мајки, жени со попреченост, жени од рурални средини, жени кои употребуваат droги, сексуални работнички, мигрантки, бегалки, барателки на азил, жени без државјанство, лезбијки, бисексуалки и трансродови луѓе, жени кои живеат со ХИВ, бездомнички, жени жртви на трговија со луѓе, повозрасни жени, материјално необезбедени жени или било кој друг статус или состојба кој можат да ја зголемат ранливоста.*

______________________________________________________________
______________________________________________________________
____________________________________________________________

5.1. Дали сметате дека постојат ризици по децата во семејството?
ДА НЕ

5.2. Дали сметате дека постојат ризици по други членови на семејството на жртвата?
ДА НЕ

5.3. Кои се главните приоритети за да се гарантира безбедност и заштита на жртвата?
______________________________________________________________
______________________________________________________________
____________________________________________________________

5.4. Дали сметате дека за овој случај треба да постапува мултисекторскиот стручен тим? ДА НЕ

Потпис : Датум:
_________________________ ___________
Име и презиме на стручното лице

Доколку е ДА, потврдете дека е свикан мултисекторскиот стручен тим
Датум на свикување на мултисекторскиот стручен тим: _______________

Потпис : Датум:
_________________________ ___________
Име и презиме на стручното лице

Забелешки на стручното лице
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

ЈУ ЦСР__________ Прилог бр. 2

Бр.______________

______________

(Датум и место)

Согласност на жртва за мерки на заштита

1. Податоци за информирање на жртвата за правата

| Целосно сум информиран/а за следните права: | | Забелешка |
|---|---|---|
| 1. | Право на придружник | |
| 2. | Право на здравствена заштита | |
| 3. | Право на правен совет и застапување и каде да се обратам | |
| 4. | Права од социјална заштита<br>______________________<br>______________________<br>______________________<br>______________________<br>______________________ | |
| 5. | Право на информирање на начин и на јазик на кој ќе ги разберам правата, вклучително и знаковен јазик | |
| 6. | За постапките за остварување на правата и нивниот тек | |
| 7. | Право да бидам информиран/а за сите прашања во текот на постапките | |

Потпис на жртвата Потпис на стручното лице

______________ ______________

2.Податоци за информирање за мерките за заштита

| Целосно сум информиран/а за следните мерки за заштита и за достапните услуги за помош и заштита | | Потпис на жртвата | Датум | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство | | | |
| 2. | Соодветна здравствена заштита | | | |
| 3. | Соодветна психо - социјална интервенција и третман | | | |
| 4. | Психо - социјален третман во советувалиште | | | |
| 5. | Упатување во центар за жртви на сексуално насилство | | | |
| 6. | Помош на семејството за редовно школување на дете | | | |
| 7. | Правна помош и застапување | | | |
| 8. | Економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот | | | |

3. Согласност на жртвата за спроведување на мерка за заштита

Потврдувам дека ги прочитав и ги разбрав информациите кои ги добив за правата и за мерките за заштита. Добив задоволителни објаснувања кои ми овозможија да ја разберам постапката, целта на мерката/те за заштита и за спроведувањето и

следењето. Информиран/а сум дека можам во секое време да ја повлечам согласноста без да трпам последици за тоа.

*ИЗЈАВУВАМ СОГЛАСНОСТ* за спроведување и следење на следната/те мерка/и

______________________________________________________________________________

(мерка/и за заштита)

Потпис на жртвата

_________________________

Име и презиме

Потпис на стручното лице:

Име и презиме _________________________

Име и презиме _________________________

Име и презиме _________________________

Датум и место

_______________________

*Информиран/а сум и ИЗЈАВУВАМ СОГЛАСНОСТ* за свикување на мултисекторскиот стручен тим и спроведување на безбедносниот план за заштита

Потпис на жртва

_________________________

Име и презиме

Потпис на стручното лице:

Име и презиме _________________________

Датум и место

_________________

ЈУ ЦСР__________ Прилог бр. 3

Бр.________________

____________________

(Датум и место)

Индивидуален план за заштита и јакнење на жртвата

*Информираност и согласност на жртвата за индивидуалниот план за заштита и јакнење на жртвата*

Дали жртвата е информирана за индивидуалниот план за заштита и јакнење на жртвата и неговата содржина?

ДА НЕ

Дали жртвата е согласна за употреба и размена на нејзините лични податоци согласно закон и содржината на индивидуалниот план за заштита и јакнење на жртвата ?

ДА НЕ

Ако ДА на претходните две прашања,

- Од што се плаши жртвата? (да се наведат сите фактори кои влијаат таа да се чувствува небезбедно не само од страна на сторителот)

- Со кого жртвата смета дека е безбедно да се разговара?

- Со кого жртвата смета дека не е безбедно да се разговара?

Име и презиме

____________________ ____________________

Потпис

1. Податоци за жртвата, за детето/децата и за членовите на семејството на жртвата кои се во ризик

| | Релевантни податоци за спроведување на индивидуалниот план за заштита и јакнење на жртвата |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Контакт податоци (телефон ) | |
| Адреса на живеалиште/ моментална адреса | |
| Брачна состојба/релација со насилникот | |
| Вработеност, извор на приходи | |
| Лични ресурси и потенцијал за поддршка од семејната и социјалната средина на жртвата | |
| Околности кои ја зголемуваат ранливоста на жртвата и други релевантни податоци | |
| Податоци за дете, членови на семејството, сродство и контакт податоци | |

2. Податоци за насилството

| НАСИЛСТВО | ДА | НЕ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Актуелно | | | |
| Физичко повредување | | | |
| Тешко физичко повредување | | | |
| Физичко повредување со предмети и орудија | | | |
| Сексуално насилство | | | |
| Психичко насилство | | | |
| Закани за убиство | | | |
| Закани за самоубиство | | | |
| Заплашување, забрани, присилна контрола и контролирачко однесување | | | |
| Вербални навреди | | | |
| Навредувачко однесување | | | |
| Претходно насилство | | | |
| Повредување на деца | | | |
| Насилството се случува во присуство на деца | | | |
| Жртвата може безбедно да контактира | | | |
| Друго________________________________ | | | |

| СТОРИТЕЛ (*Име и презиме, контакт податоци, поседување дозвола за огнено оружје и/или огнено оружје, дали е претходно пријавуван за сторено семејно насилство, вработеност, сознанија за болести на зависност и нарушено психичко здравје*) | Забелешка |
|---|---|
| | |

| Други околности релевантни за безбедноста на жртвата | Забелешка |
|---|---|
| | |

3. Податоци за ризикот и опасност од повторување на насилство

| |
|---|
| |

4. Мерки за заштита, привремени мерки за заштита, динамиката и времетраењето на мерките во индивидуалниот план за заштита и јакнење на жртвата и должност за спроведување засебно за секој член од тимот

| бр. | Мерка | Динамика | Траење (датум на почнување) | Одговорно лице (име и презиме) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10. | | | | |
| 11. | | | | |

Стручен тим,
потписи на членовите

_______________ _______________

_______________ _______________

Датум:__________

5. Оценка на стручното лице за постигнатите ефекти од планот односно дека престанал ризикот кој го оправдува спроведувањето на планот за индивидуалниот план за заштита и јакнење на жртвата и тоа врз основа на повторна проценка на ризикот

| Оценка за ефектите од планот со податоци за времетраењето на планот | Повторна проценка на ризикот со датум | Оценка за понатамошно спроведување на индивидуалниот план за заштита и јакнење на жртвата |
|---|---|---|
| | | |

Стручен тим

Име и презиме_______________________________ потпис____________________

Име и презиме_______________________________ потпис____________________

Име и презиме_______________________________ потпис____________________

Име и презиме_______________________________ потпис____________________

Име и презиме_______________________________ потпис____________________

Датум __________________

Прилог бр. 4

Листа и контакт на членовите на мултисекторскиот стручен тим

ЈУ ЦСР__________ Бр.______________

____________________

(Датум и место)

| Институција/ организација | Член и заменик член на Мултисекторскиот стручен тим (Име и презиме) | Контакт податоци (адреса и тел.бр. во канцеларија, е - mail адреса) | Контакт податоци (мобилен телефон) | Контакт податоци надвор од работно време |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Прилог бр. 5

ЈУ ЦСР__________ Бр.______________

__________________

(Датум и место)

Безедносен план за заштита и јакнење на жртвата

*Информираност и согласност на жртвата за безбедносниот план за заштита и јакнење на жртвата*

1. Дали жртвата е информирана за безбедносниот план за заштита и јакнење на жртвата и неговата содржина?

ДА НЕ

2. Дали жртвата е согласна за свикување на мултисекторскиот стручен тим, употреба и размена на нејзините лични податоци согласно закон и содржината на безбедносниот план за заштита и јакнење на жртвата?

ДА НЕ

Ако ДА на претходните две прашања,

3. Од што се плаши жртвата? (да се наведат сите фактори кои влијаат таа да се чувствува небезбедно не само од страна на сторителот)

*Со кого жртвата смета дека е безбедно да се разговара?*

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

*Со кого жртвата смета дека не е безбедно да се разговара?*

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

__________________ __________________

Датум Име и презиме

__________________

Потпис

1. Податоци за жртвата, за детето/децата и за членовите на семејството на жртвата кои се во ризик

| Име и презиме и контакт податоци | Релевантни податоци за спроведување на безбедносниот план за заштита и јакнење на жртвата *(пол, возраст, брачна состојба, релација со насилникот, вработеност, извор на приходи, лични ресурси и потенцијал за поддршка од семејната и социјалната средина на жртвата, состојба со живеалиштето, околности кои ја зголемуваат ранливоста на жртвата и други релевантни податоци)* |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| 5. | |

2. Податоци за насилството

| НАСИЛСТВО | ДА | НЕ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Актуелно | | | |
| Физичко повредување | | | |
| Тешко физичко повредување | | | |
| Физичко повредување со предмети и орудија | | | |
| Сексуално насилство | | | |
| Психичко насилство | | | |
| Закани за убиство | | | |
| Закани за самоубиство | | | |
| Заплашување, забрани, присилна контрола и контролирачко однесување | | | |
| Вербални навреди | | | |
| Навредувачко однесување | | | |
| Претходно насилство | | | |
| Повредување на деца | | | |
| Насилството се случува во присуство на деца | | | |
| Жртвата може безбедно да контактира | | | |
| Друго_____________________________ | | | |

| СТОРИТЕЛ | Забелешка |
|---|---|
| (*Име и презиме, контакт податоци, поседување дозвола за огнено оружје и/или огнено оружје, дали е претходно пријавуван за сторено семејно насилство, вработеност, сознанија за болести на зависност и нарушено психичко здравје*) | |

| Други околности релевантни за безбедноста на жртвата | Забелешка |
|---|---|
| | |

3. Податоци за ризикот и опасност од повторување на насилство

| |
|---|
| |

4. Мерки за помош, динамиката и времетраењето на мерките во безбедносниот план за заштита и јакнење на жртвата  и должност за спроведување засебно за секој член од тимот

| Бр. | Мерка | Динамика | Траење (датум на почнување) | Одговорно лице (име и презиме) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10. | | | | |
| 11. | | | | |

Потписи на членовите мултисекторски стручен тим,

_______________ _______________

_______________ _______________

_______________ _______________

Датум: ____________

5. Оценка на мултисекторскиот стручен тим за постигнатите ефекти од планот односно дека престанал ризикот кој го оправдува спроведувањето на планот за безбедност и тоа врз основа на повторна проценка на ризикот

| Оценка за ефектите од планот со податоци за времетраењето на безбедносниот план за заштита и јакнење на жртвата | Повторна проценка на ризикот со датум | Оценка за понатамошно спроведување на безбедносниот план за заштита и јакнење на жртвата |
|---|---|---|
| | | |

Мултисекторски стручен тим

Име и презиме______________________________ потпис____________________

Име и презиме______________________________ потпис____________________

Име и презиме______________________________ потпис____________________

Име и презиме______________________________ потпис____________________

Име и презиме______________________________ потпис____________________

Датум ___________________

Прилог бр. 6

ЈУ ЦСР__________ Бр.________________

____________________

(Датум и место)

Лист за следење на мерките за заштита од безбедносниот план

| Бр. | Мерка и статус на спроведување | Датум и потпис на стручното лице во центарот |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |
| 6. | | |
| 7. | | |
| 8. | | |
| 9. | | |
| 10. | | |